ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2022 07 02/1

Скопје, март 2023

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| **Финансиски извештаи за 2021 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 17 - 18 |
| Сметководствени политики | 19 - 22 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 29 |

Кратенки користени во извештајот:

МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

ЕДБ – Единствен даночен број

ЕМБГ – Единствен матичен број на граѓанинот

ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-77/8
Дата: 10.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода, на сметката на основен буџет (630), за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2017 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода, сметка на основен буџет (630), во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Кисела Вода, извршена е во февруари 2020 година при што е констатирано дека од вкупно дадени шест препораки, три препораки кои се однесуваат на подготовката и извршувањето на буџетот се спроведени, а три препораки кои се однесуваат на евиденцијата на побарувањата не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Кисела Вода, сметка на основен буџет (630) за 2021 година, констатирани се следниве состојби:

- бројот на систематизирани работни места во Секторот за внатрешна ревизија и посебните услови кои лицата треба да ги исполнуваат утврдени во

Правилникот за систематизација на работните места не се согласно законските барања;

- за побарувањата по основ на надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти не се води сметководствена евиденција;
- не се води регистар за издадените одобренија за поставување на урбана опрема и не е донесена годишна програма за поставување на времени објекти на градежно неизградено земјиште и урбана опрема на јавни површини;
- за побарувањата кои потекнуваат од минати години за кои има поведено судски постапки, не е утврдена можноста за нивна наплата.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата извести за судските постапки во кои општината е тужител и тужена странка, како и за извршени корекции во билансот на состојба за наплатени побарувања по основ на данок на имот и комунална такса во износ од 49.828 илјади денари.

Во делот останати прашања ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините, а кои се однесуваат и тоа:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ;
- општината нема информации за висината на средствата што треба да се уплатат во буџетот на општината по основ приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата утврдено со Законот за земјоделско земјиште;
- општината располага со податоци за склучените договорите за концесија за експлоатација на минералните суровини и врши увид на уплатените средства од концесиските надоместоци, но нема можност да ја потврди нивната целосност и точност и
- состојбата на регистарот на недвижности не е усогласена со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Од одговорното лице на Општина Кисела Вода не се добиени забелешки на Нацрт извештајот број 16-77/1 од 16.01.2023 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 15 и 16 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода на сметката на основен буџет (630), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2017 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода, сметка на основен буџет (630) во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општина Кисела Вода, застапувана од:

- Филип Темелковски, градоначалник до 26.10.2021 година и
- Орце Ѓорѓиевски, градоначалник од 27.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на општината, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.08.2022 до 09.12.2022 година кај Општина Кисела Вода од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Кисела Вода, е извршена во февруари 2020 година при што е констатирано дека од вкупно дадени шест препораки, три препораки кои се однесуваат на подготовката и извршувањето на буџетот се спроведени, а три препораки кои се однесуваат на евиденцијата на побарувањата не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општината - предмет на ревизија, на ден 28.12.2022 година.
Од одговорното лице на Општина Кисела Вода не се добиени забелешки на Нацрт извештајот број 16-77/1 од 16.01.2023 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Внатрешна ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето. Со ревизијата, во делот на организациска поставеност и начинот на функционирање на внатрешната ревизија ги утврдивме следните состојби:

- Со Правилникот за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација[1] формиран е Сектор за внатрешна ревизија, кој за своето работење директно одговара пред градоначалникот. Во секторот утврдени се две одделенија во чии рамки согласно Правилникот[2] за систематизација на работните места во општинската администрација, систематизирани се 5 работни места, (раководител на сектор, 2 раководители на одделение, виш соработник и курир). Вака систематизираните места не се во согласност со членот 29 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола каде е предвидено дека единицата за внатрешна ревизија се основа како сектор со најмалку пет внатрешни ревизори, вклучувајќи го и раководителот на секторот за внатрешна ревизија. До денот на известување од извршената ревизија, од систематизираните 5 работни места, пополнети се 2 работни места (раководител на одделение за вршење на ревизија на успешност и финансиска ревизија и виш-соработник за извршување внатрешна контрола).
- Во Правилникот за систематизација на работните места во Секторот за внатрешна ревизија не се предвидени посебните услови кои треба да ги исполнуваат раководителот на единицата за внатрешна ревизија, овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори, утврдени со член 35 и 36 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
- Не е донесен Годишен план за 2021 година и Стратешки план за период 2021 - 2023 година, што не е во согласност со одредбите на член 40 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кои се однесуваат на планирањето на внатрешната ревизија. И покрај донесениот Стратешки план за извршување на внатрешната ревизија за периодот 2022-2024 година и Годишен план за 2022 година во кој се планирани 4 ревизии на финансиското работење на три основни училишта и една детска градинка, истите не се извршени.

Утврдените состојби не овозможуваат ефикасно и ефективно функционирање на внатрешната ревизија во насока на исполнување на основната задача на внатрешната ревизија за подобрување на работењето на субјектот и ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

[1] („Сл. гласник на Општина Кисела Вода" бр. 10/2016)

[2] Правилник за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода со бр. 08-5688/1 од 11.07.2016 година, заедно со сите измени и дополнувања, бр. 04-665/1 од 26.01.2017 година ... и бр. 04-9431/1 од 12.11.2021 година

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Секторот за внатрешна ревизија при што ќе се предвидат доволен број на вработени согласно законските барања и ќе се уредат посебните услови кои треба да ги исполнуваат раководителот на единицата за внатрешна ревизија, овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори.

4.1.2. По основ на комунална такса за користење простор пред деловни простории за вршење на дејност за 2021 година, остварени се приходи од 292 илјади денари или 58,4% од планираните.

Од извршениот увид во документацијата поврзана со начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Кисела Вода, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Утврдувањето и наплатата на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење дејност, ја администрира градот Скопје за Општина Кисела Вода врз основа на склучен договор[3] и остварените приходи ги распределува 50% за Град Скопје и 50% за Општина Кисела Вода. Градот Скопје кој ги издава одобренијата не и доставува на општината копии од пресметка, заверен елаборат за користење на јавна површина и одобрение за вршење дејност и за поставување на времени објекти, обврска предвидена со член 3 од Договорот. Со ваквиот начин на администрирање на комуналната такса, општината нема увид во поднесените барања и начинот на кој се издадени одобренијата на територијата во нејзина надлежност.
- Општина Кисела Вода не води регистар на издадени одобренија за поставување на урбана опрема, што не е во согласност со членот 81 став (3) од Законот за градење и не е извршен инспекциски надзор од страна на одделението за инспекциски работи со вршење на увид на лице место и изготвување на записник со скица за бараниот простор за вршење на дејноста, врз основ на кој се пресметува надоместокот.
- Општината нема донесено годишна програма за поставување на времени објекти на градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, со изградена инфраструктура и поставување на урбана опрема на јавни површини што не е во согласност со одредбите на член 79 и член 80 од Закон за градење.

[3] Договор за вршење на стручни и административни работи во врска со користењето на јавните површини, број 08-4663/2 од 17.06.2009 година

Ваквиот начин на администрирање на комуналната такса за користење простор пред деловен објект, не дава уверување дека просторот пред деловните објекти се користи согласно законските прописи и има влијание врз целосноста на приходите по овој основ.

**Препорака:**
Градоначалникот да ги преземе следниве мерки и активности за:

- преиспитување на можноста за раскинување на договорот со Град Скопје и сопствено администрирање на комунална такса за користење простор пред деловни простории за вршење на дејност;
- водење регистар на издадени одобренија за поставување времени објекти и урбана опрема и инспекциски надзор на истите и
- донесување годишна програма за поставување на времени објекти и урбана опрема на просторот во надлежност на општината и нејзино усвојување од страна на Советот на општината.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. На 31.12.2021 година, во финансиските извештаи искажани се побарувања во вкупен износ од 193.902 илјади денари. Од вкупните побарувања 173.928 илјади денари (90%) се однесуваат на побарувањата по основ на данок на имот од физички и правни лица и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија. Побарувањата во износ од 19.974 илјади денари (10%) се однесуваат на побарувања по основ на: надоместок за уредување на градежно земјиште (19.172 илјади денари), комунални трошоци за заедничка потрошувачка (321 илјади денари), закупнини (284 илјади денари), договори за локален надоместок за неуредено градежно земјиште (170 илјади денари) и корпи за собирање на ѓубре (27 илјади денари).

Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Од вкупните побарувања во износ од 19.974 илјади денари, 52,41% потекнуваат од минати години (2006 и 2007 година) за кои општината има поведено судски постапки, но нема утврдено дали постои можност за нивна наплата согласно одредбите од член 360 од Законот за облигациони односи, а 47.59% се побарувања од 2020 и 2021 година.
- За побарувањата по основ на надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти не се води сметководствена евиденција, што не е во согласност со одредбите на член 2 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во текот на 2021 година, изготвени се 296 заклучоци за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во вкупен износ од 4.245 илјади денари.

Ваквото постапување има влијание на реалното прикажување на побарувањата во финансиските извештаи, а не преземените мерки за навремена наплата има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на општината.

Препорака:
Градоначалникот да преземе мерки и активности за реално утврдување на основот на постоење на побарувањата, да се врши нивно соодветно евидентирање во деловните книги и можност за нивна наплата.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1. 4.2. се однесуваат на:

- неусогласеност на Правилникот за систематизација на работните места во Секторот за внатрешна ревизија согласно законските барања;
- неевидентирани побарувања по основ на надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во сметководствена евиденција;
- непочитување на обврската за водење регистар за издадените одобренија за поставување на урбана опрема и донесување годишна програма за поставување на времени објекти на градежно неизградено земјиште и урбана опрема на јавни површини и
- за побарувањата кои потекнуваат од минати години за кои има поведено судски постапки, не е утврдена можноста за нивна наплата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Кисела Вода, сметка на основен буџет (630), на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точка 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Кисела Вода, сметка на основен буџет (630), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Обрнуваме внимание дека Општина Кисела Вода во 2021 година е тужена странка од 8 физички лица по основ надомест за експроприрана недвижност, парични побарувања од неостварени права по Закон за работни односи и надомест на штета за долг од 1.536 илјади денари.

Општина Кисела Вода се јавува како тужител против 2 правни лица и 11 физички лица за надоместок за уредување на градежно земјиште и стекната добивка без основ за побарување од 12.138 илјада денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетот на општината.

6.2. Во текот на ревизијата од надлежните на општината прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции на сметката Побарувања по основ на данок на имот и комунална такса и Пасивни временски разграничувања, поради наплатени побарувања.

Вкупните ефекти од извршените корекции се намалување на Побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса и на Пасивните временски разграничувања за 49.828 илјади денари.

Корекциите се извршени на 06.12.2022 година во налог за книжење на данок на имот и фирмарина бр.0001.

## 7. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кој имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

7.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во

постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

7.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална

такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

**Приходи од давање на земјоделското земјиште во државна сопственост на користење по пат на закуп и плодоуживање**

7.3. Согласно член 33 од Законот за земјоделско земјиште, од страна на Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, земјоделското земјиште во државна сопственост може да се даде на користење по пат на закуп и плодоуживање. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорска сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во сооднос 50% за Република Северна Македонија и 50% за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во зависност од местоположбата на земјоделското земјиште кое е предмет на давање под закуп. Општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, средствата во висина од 50% ги распределуваат во сооднос 25% за општината од подрачјето на градот Скопје и 25% за градот Скопје. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост наплатени во тековната година се распределуваат на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои имаат реализација на приходи од данок на недвижен имот над 80% во однос на планираните во претходната година според податоците од трезорската евиденција. Согласно законското решение, општината нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат, ниту пак МЗШВ има законска обврска склучените договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост да ги доставува до општините за земјиштето што се наоѓа на нивната територија.

**Надоместок по основ на концесии**

7.4. Согласно член 76 од Законот за минерални суровини, концесионерот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини плаќа еднократен надоместок за користење на просторот, а во зависност од видот на минералната суровина определен во концесијата, односно дозволата за вршење на детални геолошки истражувања.

Концесионерот кој што врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина.

Средствата се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и се 22% приход на Буџетот на Република Северна Македонија и 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

И покрај тоа што, општината располага со податоци за склучените договори за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и има увид на уплатените средства на сметката на буџетот на општината, нема можност да се увери во целосноста на приходите кои се уплатени на нивната сметка по овој основ.

### Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот

7.5. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во Градот и општините во Република Северна Македонија, даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни

регистри и размена на податоци со државните органи и институции (Централен регистар, Управата за јавни приходи, Агенција на катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

Општина Кисела Вода

Сметка на Основен Буџет (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 293.765 | 261.424 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 7.064 | 3.178 |
| Капитални приходи | 3.3. | 7.327 | 11.215 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 72.165 | 77.173 |
| **Вкупно приходи** | | **380.321** | **352.990** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.5.1. | 77.752 | 68.587 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 1.887 | 1.007 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 109.566 | 110.018 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 181 | 113 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 16.148 | 16.572 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **205.534** | **196.297** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **127.991** | **100.111** |
| | | | |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **18.078** | **12.578** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **351.603** | **308.986** |
| **Непокриени расходи** | | **-28.718** | **-44.004** |

Општина Кисела Вода

Сметка на Основен Буџет (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 28.718 | 44.004 |
| Побарувања | 4.1.2. | 144.074 | 180.928 |
| Активни временски разграничувања | | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | 172.792 | 224.932 |
| **Вкупна актива** | | 172.792 | 224.932 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 172.792 | 224.932 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | 172.792 | 224.932 |
| **Вкупна пасива** | | 172.792 | 224.932 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 21.02.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 16 - 77/7 | | |

**До:** Државен завод за ревизија

ул. „Павел Шатев“ бр. 2
Палата „Емануел Чучков“
1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на нацрт-извештај за Општина Кисела Вода

- Врска предмет бр. 01 2022 07 02/1 и 02/2

Почитувани,

Со должно внимание ги прочитав нацрт-извештаите за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на општина Кисела Вода, сметка на основен буџет (630) и сметка на основен буџет (637) и имам соодветни одговори во врска со констатираните препораки за работата на општината за предметниот период на извршена ревизија, односно за 2021 година.

Имено, во нацрт-извештајот за сметката на основен буџет (637), во однос на точката 4.3.2. сакам да Ве известам дека:

- Во однос на потточка 1, која се однесува на постапките за вршење на стручен надзор за делот од тендерската документација во која се бара сертификат за акредитација на лабораторија ISO 17065 или еквивалент, сакам да ве известам дека сертификатот е побаран како услов во тендерската документација од причини што истиот е неопходен за вршење на стручна лабораториска анализа на квалитетот на поставените материјали при градежните активности на изведувачите. При креирање на китериумите за способност на економските оператори во делот на стандардите за системи за квалитет од страна на Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина е предвидено економскиот оператор да го поседува сертификатот за акредитација на лабораторија ISO 17065 или еквивалент од причини што надзорниот орган кога врши надзор над изградба на објектите да може на лице место да земе примерок од материјалот што се вградува и во сопствена лабораторија на сопствен трошок да го испита квалитетот и содржината на производот односно материјалот што се вградува.

  Имено, во изминатите години надзорните органи кој вршеле стручен надзор над објектите кои се градат на територија на Општина Кисела Вода се оградувале од процесот на испитување на квалитетот на вградените производи (материјали) од причини што истите не поседувале акедитирана лабораторија за испитување на квалитетот на фабричките производи (материјалите), па доколку надзорниот орган се сомневал во квалитетот на материјалите моравме ваквите лабораториски анализи да ги правиме во акредитирани лаборатории на трошок на Општина Кисела Вода. Поради горенаведеното а по предлог на стручните служби во тендерската документација предвидовме економските оператори да исполнат таков критериум односно да поседуваат таков сертификат за акредитирана лабараорија која ќе ја поседуваат или обезбедат со поддршка, со цел самиот надзорен орган да го испитуваат квалитетот на

произведените материјали кои се вградуваат во објектите кои се градат на територија на Општина Кисела Вода.

- Во потточка 2, во постапката за реконструкција на спортската сала на ООУ "Партенија Зограсфски" при евалуација на понудите од страна на Комисијата за јавни набавки не се побарани дополнително докази дека ги исполнува потребните услови за квалитативен избор од физичко лице од кое економскиот оператор користи способност во вид на поддршка, од причини што никаде во Законот за јавни набавки, односно во ниту една одредба од законот не е предвидено дека доколку економски оператор користи способност во вид на поддршка од физичко лице, потребно е да достави документи за исполнување на услови за квалитативен избор.

Во член 95 став 3 од Законот за јавни набвaки е предвидено дека "(3) Во случај на користење на капацитетот на други субјекти, економскиот оператор е должен да докаже со валиден доказ дека ќе ги има на располагање потребните ресурси за извршување на договорот.„ Во конкретната постапка економскиот оператор со физичко лице (градежен инжинер) има склучено договор за користење на услугите од лицето во кој се уредени меѓусебните права и обврски и има доставено доказ за неговата стручна подготовка.

Во прилог на горенаведеното Ви испраќам и Мислење од Бирото за јавни набавки по достаено прашање од моја страна токму за ова толкување на законот во кое јасно е наведено дека " Во овој случај доколку предменото лице не е економски оператор (во смисла на член 2 срав (1) точка 6 од законот), **понудувачот нема обврска да поднесе докази и за ова стручно лице за исолнување на условите за квалитативен избор** утврдени во членовите 89, 90, 91 и 92 од законот и да докаже дека не постојат причини за негово исклучување од постапката.„

Поради горенаведеното Комисијата за јавни набавки ја евалуираше оваа понуда како прифатлива од причини што се исполнети сите услови и критериуми кои се превидени со Законот за јавните набавки и со тоа не е прекршен членот 109 од Законот за јавните набави како што имате наведено во Нацрт извештајот.

По однос на точката 4.3.1 подточка 1

Во однос на наведените објекти кои спаѓаат во втора категорија на градби не е обезбедено одобрение за градење од причини што не станува збор изградба на нови објекти или реконструкција на истате по членот 56 од законот за градење туку станува збор за санација и одржување на истите, односно гребење на 1 слој на асфалт и негова замена кога станува збор за улици.

Се надевам дека ќе ги земете во предвид овие објаснувања и дека во конечниот Извештај ќе бидат изменети односно избришани наведените препораки кои се однесуваат на горенаведените точки.

Со почит,

Поранешен Градоначалник на
Општина Кисела Вода

Филип Темелковски

Прилог бр.1

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 21.02.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Општина Кисела Вода за сметката на основен буџет (637), од поранешниот градоначалник Филип Темелковски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-77/7 од 21.02.2023 година.

Во функцијата на транспарентноста во постапката и во интерес на веродостојноста и утврдување на фактичката состојба, забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.1. алинеја 1,** кои се однесуваат на не обезбедено одобрение за градење, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во забелешката е наведено дека не е издадено одобрение за градење бидејќи станува збор за санација и одржување на локални патишта и улици во населени места, што не соодветствува на годишните програми за комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2019, 2020 и 2021 година, извршениот увид од лице место, како и на техничките спецификации на спроведените постапки за јавни набавки, со кои е констатирано дека е извршена реконструкција на локалните улици и патишта. Истите согласно член 57 став 2 од Законот за градење спаѓаат во втора категорија на градби, за кои согласно членот 56 од Законот за градење, потребно е да се обезбеди одобрение за градење.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 1,** кои се однесуваат на слабости во постапките за јавни набавки на услуги за вршење на стручен надзор за изградба на објекти за потребите на Општина Кисела Вода, **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во забелешката е наведено дека условот економските оператори да поседуваат сертификат за акредитација на лабораторија ISO 17065, е даден од причина што истиот е неопходен за вршење на стручна лабораториска анализа на квалитетот на поставените материјали при градежните активности на изведувачите. Вака утврдениот услов не е во

согласност со Законот за акредитација, Законот за градежните производи, Правилникот за барањата за компетентност на телата за оцена на сообразноста и Правилникот за определување на подрачја за области на калибрација, тестирање, инспекција и сертификација, односно стандардот ISO 17025 се однесува на лабораториите за тестирање, додека стандардот ISO 17065 ги опфаќа барањата за телата за сертификација на производи, процеси и услуги. Поради предвидените законски одредби, а согласно барањата на договорниот орган, за лабораторија за тестирање на градежни материјали, потребно е да се наведе стандардот ISO 17025, имајќи во предвид дека барањата на стандардот ISO 17065 се однесуваат на телата кои вршат сертификација на производи, процеси и услуги и опсегот на акредитација е различен од испитувањето, односно тестирањето на градежните материјали.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2. алинеја 2,** кои се однесуваат на слабости при евалуација на понудата во постапката за реконструкција на спортска сала ООУ „Партенија Зографски", **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во забелешката е наведено дека доколку економскиот оператор користи способност во вид на поддршка од физичко лице не е потребно да достави документи за исполнување на услови за квалитативен избор, што не е во согласност со член 96 од Законот за јавни набавки. Имено, економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив, при што, договорниот орган и за физичкото лице чија способност ја користи економскиот оператор проверува дали ги исполнува потребните услови за квалитативен избор, односно дали постојат причини за негово исклучување. Ваквиот став во целост е содржан и во одговорите на прашања поставени на веб страницата на Бирото за јавните набавки, а кои договорниот орган не ги имал во предвид при спроведување на конкретната постапка во однос на лицата кои не се вработени кај понудувачот и извршена е евалуација на некомплетна понуда, што не е во согласност со Закон за јавните набавки.